ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 12-195/12**

**Дата: 27.09.2010**

**ДО**
**ОПШТИНА ШТИП**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Штип на сметката - Наменски дотации (930) Општина Штип за 2009 година.
Дадената препорака во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година не е спроведена.
На оваа сметка се евидентирани трансферите од централната власт по основ на наменски и блок дотации од областа на образованието, културата и социјалата. Средствата се користат за основни плати и надоместоци, придонеси за социјално осигурување од работодавачите, останати придонеси од плата, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, ситен инвентар, алат и други материјали за поправки, поправка и тековно одржување, договорни услуги и за набавка на основни средства.
Изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката - Наменски дотации (930) на Општина Штип за 2009 година.
На крајот на 2009 годината на сметката остануваат неискористени парични средства кои не се материјално значајни во однос на вкупните приходи на сметката и не влијаат на изразеното мислење за финансиските извештаи.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на сметката за Наменски дотации (930) за 2009

година на Општина Штип, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи за 2006 година и за усогласеност со закони и прописи за Наменската сметка (930) на Општина Штип за 2006 година во кој е изразено позитивно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Панде Сарев, градоначалник на Општина Штип до 05.04.2009 година, и
- Зоранчо Алексов , градоначалник на Општина Штип од 06.04.2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали

активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 28.06.2010 година до 30.06.2010 година кај Општина Штип од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година- спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот ревизор за 2006 година.
Општина Штип нема постапено по препораката дадена во конечниот извештај .

Истата состојба се повторува и во 2009 година, односно на сметката на 31.12.2009 година има непотрошени средства.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на 05.07.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до субјектот на 09.08.2010 година.

На ден 13.08.2010 година со писмо број 08-4215/2 од 07.09. 2010 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 12-195/5 од 09.08. 2010 година, од градоначалникот.
Забелешката се однесува на точка 4.1.1. за која се добиени нови докази и истата делумно се прифаќа односно наодот се надополнува со констатацијата дека дел од средствата се примени на 31.12.2009 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Финансиски извештаи

4.1.1. На сметката за наменски дотации (930) на Општина Штип на ден 31 декември 2009 година има неискористени средства од корисниците на наменски дотации во износ од 5,951 илјади денари, овие средства учествуваат со 1,88 % во вкупните приходи на сметката за наменски дотации. Средствата во износ од 3.124 илјади денари од надлежните Министерства се трансферирани на 31.12.2009 година и немало реална можност истите согласно Плановите да бидат потрошени. Ваквата појава укажува на тоа дека планирањето и распределбата на средствата по корисници не е во рамки на реалните потреби на корисниците. Состојбата може да се подобри, а корисниците на средства да добиваат средства кои целосно ќе ги искористат за исполнување на своите права и обврски, ако распределбата на наменските средства за корисниците општината ја врши врз основа на утврдени критериуми.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе активности за изготвување критериуми за распределба на средствата од наменските и блок дотациите, а советот на Општина Штип да ги разгледа и усвои изготвените критериуми.

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката за Наменски дотации (930) на Општина Штип на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики. Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

Скопје, 23.09.2010 година

## ОПШТИНА ШТИП
## СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ (930)

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 302 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 316.339 | 276.547 |
| **Вкупно приходи** | | **316.641** | **276.547** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1. | 251.913 | 232.307 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 55.075 | 39.030 |
| Субвенции и трансфери | 3.3.3. | 1.244 | 390 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **308.232** | **271.727** |
| **Капитални расходи** | 3.4. | **2.458** | **50** |
| **Вкупно расходи** | | **310.690** | **271.777** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **5.951** | **4.770** |

ОПШТИНА ШТИП
СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ (930)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 5.951 | 4.770 |
| **Вкупно тековни средства** | | **5.951** | **4.770** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **5.951** | **4.770** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 5.951 | 4.770 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **5.951** | **4.770** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **5.951** | **4.770** |

**Прилог 2**

Одговор на забелешки
по Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на општина Штип за 2009 година на – Сметката за Наменски дотации (930) доставени се забелешки број 08- 4215/2 од 07.09. 2010 година од градоначалникот на Општина Штип.

Забелешките се однесуваат на наодот на точка 4.1.1. од Нацрт извештајот број 12-195/5 од 09.08. 2010 година.
Забелешките се разгледани и е констатирано следното:

Забелешката на наодот од **точка 4.1.1. делумно се прифаќа,** во функција на допрецизирање и дообјаснување. Наодот се надополнува со констатацијата дека средствата во износ од 3.124 илјади денари на сметката за наменски дотации од надлежните Министерства се трансферирани на 31.12.2009 година, и немало можност да се искористат согласно плановите.

Скопје 23.09.2010 година

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________